ЕХО
ЕДУКАТИВНО-ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТИП

ФОКУС FOCUS
ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТ

| | |
|---|---|
| **Кратко резиме:** | Согласно предвидените активности во рамки на проектот на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки, кој го спроведува Центарот за граѓански комуникации од Скопје во партнерство со „ЕХО“ од Штип и Фондација „Фокус“ од Велес, Ехо и , Фондација „Фокус“ имаат потреба од ангажирање консултант за одржување работилница за развивање план за одржливост. |
| **Цел:** | Целта на работилницата е да се развијат стратегии и практични механизми, односно акциски план за наплата на услугите кои во моментот двата формирани регионални центри ги испорачуваат бесплатно (за микропретпријатијата вклучени во проектот), за да се осигура нивната одржливост.<br><br>Намерата е двата регионални центри да развијат комерцијални активности за претпријатијата, согласно своите капацитети и специфики, а кои би започнале со примена на почетокот на 2015 година. |
| **Активности** | • Преглед на проектот и активностите на регионалните центри;<br>• Анализа на досегашната работа на регионалните центри (испорака на услуги/асистенции кон микропретпријатијата;<br>• Анализа на утврдени потреби на микропретпријатијата (од спроведена евалуација);<br>• Проценка на постоечките и потребните капацитети на организациите за започнување со комерцијални активности;<br>• Фацилитација на една заедничка работилница за развој на планови за секој регионален центар посебно;<br>• Помош во подготовка и финализација на планови за одржливост за двата центри. |
| **Очекувања** | Од консултантот се очекува да ги посочи можностите за спроведување комерцијални активности, да помогне во финализација на плановите и да даде насоки за потребни подготовки и имплементација на истите. |
| **Процедури** | - Повикот е отворен за сите заинтересирани кандидати (поединци и консултантски фирми) до 19 ноември 2014 година<br><br>- Изборот на консултант ќе заврши до 25 ноември 2014 година.<br><br>- По изборот, консултантот ќе потпише договори за авторско дело со ЕХО од Штип и Фондацијата „Фокус“ од Велес, за работен ангажман од најмногу 5 (пет) работни денови во текот на ноември/декември 2014. Исплатата ќе се изврши во рок од 7 дена по доставување на извештајот од работилницата и финално изработените документи.<br><br>- Повикот ќе биде објавен на, веб страните на „ЕХО“ www.eho-org.mk и Фондација „Фокус“ www.focus.org.mk и ќе биде испратен по електронска пошта до консултанти и консултантски фирми;<br><br>-При аплицирањето, кандидатите треба да достават: кратка биографија, предлог методологија за подготовка на план за одржливост, предлог програма за работилница и финансиска конструкција;<br><br>- Документите може да се достават лично во просториите на ЕХО, или да се испратат по пошта, или електронска пошта на следните адреси:<br><br>**ЕХО Едукативно-хуманитарна организација, Штип**<br>Адреса: ул. "Борис Кидрич" бр.4, 2000 Штип<br><br>E-mail: ed_hum_eho@yahoo.com<br>beti.eho@gmail.com<br><br>Тел. 032 607 143 , 070 831 143; лице за контакт- Бети Пеева<br>со назнака ЗА ЈАВЕН ПОВИК |
| **Услови за ангажирање експерт** | Консултантот треба да ги задоволи следните критериуми:<br><br>• Да ја познава работата на непрофитниот сектор;<br>• Да има искуство во изработка на стратегии, планови за одржливост и бизнис планови;<br>• Да ги познава законските регулативи за примена на комерцијални/економски активности од страна на непрофитни организации. |